**20250751658**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 1 април 2025 година.

Бр. 08-1974/1
1 април 2025 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Во Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија” број 98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16, 132/16, 27/18, 35/18, 220/18 и 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 180/19, 275/19, 31/20, 267/20, 67/22, 79/23 и 193/24), во член 37 став (1) по зборот „врши“ се додаваат зборовите: „на корисници на пензија на кои пензијата им се исплаќа во Република Северна Македонија“.

Член 2

Во член 160 точка 6) во воведната реченица зборовите: „не постар од пет години“ се бришат.

Во алинејата 5 сврзникот „или“ се заменува со запирка.

Во алинејата 6 точката на крајот од реченицата се заменува со сврзникот „или“.

По алинејата 6 се додава нова алинеја 7 која гласи:

„- поседува уверение, сертификат и/или потврда со кои се потврдува познавањето на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, или германски) на најмалку ниво Б2 (В2) од Европската референтна рамка за јазици, издадени од установа или институција во државата или од странство, регистрирана како давател на оваа услуга.“.

Член 3

Во Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 193/24), во член 18 во ставот (3) по зборовите: „28 февруари 2025 година“ се додаваат зборовите: „и кои се исплаќаат во Република Северна Македонија“.

Член 4

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.